**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-110/5**
**Скопје, 10.05.2023 година**

Записник од седумдесет и деветта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 10.05.2023 година.

Присутни:
г-дин Антонио Јолевски -Претседател на Советот
г-дин Арбер Исаку Заменик претседател
г-ѓа Душица Димитриевска член
г-дин Влатко Георгиевски член
г-ѓа Јасна Жежова член
г-Иџет Мемети член
г.Ермон Незири член
г-ѓа Фиданка Рајевска член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-дин Антонио Јолевски констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на седумдесет и деветта седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следениот дневен ред:

1. Усвојување на записникот од 78 (седумдесет и осма) седница на Советот.
2. Донесување на Одлука за мирување на функцијата јавен обвинител во ОЈО Скопје, поради избор за член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија за јавниот обвинител Ермон Незири.
3. Измена на Годишниот распоред за работата на Советот на јавните обвинители на РСМ за 2023 година.
4. Разно.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ја отвори 79-та седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред. Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Точка еден од дневниот ред усвојување на записникот од седумдесет и осмата седница беше одложена за наредната седница по барање на заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку од причина што не бил во можност истиот да го разгледа и прочита.

Под точка два од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски истакна дека поради изборот на јавниот обвинител во ОЈО Скопје, г-дин Ермон Незири за член на Советот на јавните обвинители на РСМ, од редот на јавните

обвинители припадници на сите заедници кои не се мнозинство во РСМ, Советот треба да донесе Одлука за мирување на функцијата јавен обвинител во ОЈО Скопје, додека му трае мандатот како член во Советот на јавните обинители на РСМ.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ, донесе Одлука со која на јавниот обвинител во ОЈО Скопје г-дин Ермон Незири, му мирува функцијата јавен обвинител во ОЈО Скопје, додека му трае мандатот во Советот на јавните обвинители на РСМ.**

Под точката три од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски истакна дека Советот веќе донел и усвоил Распоред за работа на членовите на Советот за 2023 година, но поради престанокот на мандатот на членот на Советот г-дин Коле Штерјев, ќе мора да се направи измена на распоредот за работа на членовите на Советот за 2023 година, и воедно кажа дека за координатор за подрачјето на ВЈО Штип, ќе постапува г-дин Ермон Незири.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка разно од дневниот ред, Претседателот на Советот ги извести ченовите на Советот за остварениот состанок со Министерот за правда на РСМ, каде било дискутирано за Акциониот план, стратегијата 2023-2027, и дека од страна на Советот имало забелешки и истите ќе се земат во предвид од страна на Министерството за правда.

Под истата точка од дневниот ред Претседателот на Советот ги извести членовите на Советот дека е во тек е и постапката за јавни набавки за лап топови за членовите на Советот, како и постапка за јавна набавка за заштита на софтверот.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот ја заклучи седумдесет и деветата седница на Советот.

Записникот го водел:
Аспарух Мисајловски
Генерален секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Антонио Јолевски**